# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 3 | Вторник, 07 февруари 2023 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **38.** | **Одлука** за организирање јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица ...................................... | 1 |
| **39.** | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица ..... | 2 |
| **40.** | **Решение** за разрешување на вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица ........... | 2 |
| **41.** | **Решение** за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица ......................... | 3 |
| **42.** | **Јавна објава** – достава на известување за издадено одобрение за градење на КП бр. 6531/43 КО Струмица, Блок 41 на ГП 41-65 (објект 2) Струмица ...................................... | 3 |

-----------------------------------------------------

**38.**

Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14, УЕ 2, Општина

Струмица, со површина од 31865,83 $м^2$ односно 3,186 ха.

Планскиот опфат е дефиниран на север по осовина на „ул бр.2" и „ул.бр.8" дефинирани со постојниот ДУП, на исток по осовина на улица „Климент Охридски" и улица број 1, на југ по осовина на улица„бр4" улица„бр.5" и улица бр. „8" (по ДУП) и на запад по осовина на улица „Ката Поцкова".

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 24.02.2023 година во 12:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

**Член 4**

Нацрт планот за измена и дополнување на ДУП за дел од блок број 14, УЕ 2, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 5**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-942/2 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

................................................

**39.**

Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 14, УЕ 2, Општина Струмица, со површина од 31865,83 $м^2$ односно 3,186 ха. во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Лилјана Ивановска - претставник на изготвувачот на планот,
- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација да се одржи на ден 24.02.2023 година во 12:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-942/3 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

...............................................

**40.**

Врз основа на член 109 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 11 од Актот за основање на јавна општинска установа за деца – Детска градинка „Виножито" – Струмица бр. 08-4878/1 од 23.06.2022 година („Службен гласник на општина Струмица" бр.10/2022) донесен од Советот на општина Струмица и член 39 алинеа 15 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/2006), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито" – Струмица**

1. Од должноста вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито"– Струмица се разрешува Васко Наќев, Дипломиран професор за предучилишно воспитание, заклучно со 03.02.2023 година, на лично барање, а врз основа на Барање за разрешување бр. 03-35/1 од 02.02.2023.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-427/4 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

...................................

**41.**

Врз основа на член 109 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), член 11 од Актот за основање на јавна општинска установа за деца – Детска градинка „Виножито“ – Струмица бр. 08-4878/1 од 23.06.2022 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.10/2022) донесен од Советот на општина Струмица и член 39 алинеа 15 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/2006), Градоначалникот на општина Струмица донесе:

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Виножито“ - Струмица се именува Софче Димитријева, Дипломиран правник, Магистер по право од областа на казнено право, сметано од 06.02.2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.09-427/5 Општина Струмица
06.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

...........................................

**42.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ” бр.124/15 и 65/18), Градоначалникот на Општина Струмица врши:

**Ј А В Н А О Б Ј А В А**

**- достава-**

Градоначалникот на Општина Струмица објавува дека по барање на инвеститорот **ВЕРОПОЛУС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на бул.„Кочо Рацин“ бр.1 Скопје е издадено Одобрение за градење УП1 бр.20-507 од 20.12.2022 година, за изградба на Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ од Втора категорија, на КП бр.6531/43 КО Струмица, Блок 41 на ГП 41-65 (објект 2) Струмица.

Согласно член 62-а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издаденото одобрение за градење. Од податоците добиени преку системот на Агенцијата за катастар на недвижности, на соседните катастарски парцели како сопственици се јавуваат следните лица:

- на КП 6531/80, КП 6531/71, КП 6531/45, КП 6531/46, КП 6531/32, КП 6531/33 и КП 6531/37 сите во КО Струмица – ДПТУ ЕЛКОМ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, ул.„Младинска“ бр.24;

- на КП 6531/67 и КП 6531/72 во КО Струмица – Перо Мишовски од Струмица, ул.„М.Х.Јасмин“ бр.8;

- на КП 6531/7 во КО Струмица – Јованов Џоко од Струмица, ул.„“Благој-Јанков Мучето“ бр.27, Влатко Трендафилов од Штип, ул.„Широк Дол“ бр.19, Јованов Танкица од Струмица,ул.„Благој-Јанков Мучето“ бр.27; Антоновски Фране од Скопје-Карпош, ул.„Њуделхиска“ бр.6; Буровски Тони од Струмица, ул.„Маршал Тито“ бр.18; Стојан Николов од Јаргулица; Снежанка Крстевска од Струмица, ул.„Народен Фронт“ бр.22; Галева Валентина од Дабиље бр.57; Димитров Васко во Берлин, С.Р. Германија; Ристеска Сања од Струмица, ул.„Крушевска Република“ бр.83Б; ДПТУ ЕЛКОМ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, ул.„Младинска“ бр.24; Костов Иванчо од Градошорци бр.43; Биљана Иванова од Струмица,ул.„Кирил Динков“ бр.10; Ганчева Милка од Струмица, ул.„Иљо Шопов“ бр.15; Цековски Иван од Струмица, ул.„Браќа Миладинови“ бр.39; Таковски Стојан од Пехчево, ул.„С.Умлена“; Стефановски Стојадин од Пиперево бр.181; Зора Стоименова од Струмица, ул.„Кирил Динков“ бр.10; Станко Стоименов од Струмица, ул.„Кирил Динков“ бр.10; Јанкова Елена од Ново Село, ул.„29ти Ноември“ бр.29; Ѓоргиева Данче од Струмица, ул.„Младинска“ бр.287; Атанасов Антонио од Дабиља 134Б; Табанов Бошко од Струмица, ул.„Крсто Узунов“ бр.1; Цветков Зоранчо од Нова Маала бр.73; Маринчо Ангелов од Струмица, бул.„Маршал Тито“ бр.23; Никола Коцев од Робово бр.106;Панче Милчев од Моноспитово бр.214; Мери Зовкиќ од Струмица, ул.„Стив Наумов“ бр.143; Оливер Тимов од Струмица, ул.,„Мито Хаџивасилев – Јасмин“ бр.8; Иво Јанков од Струмица, ул.„Ванчо Китанов“ бр.6; Дејан Коцев од Робово бр.106; Стефка Стојилова од Струмица, ул.„Гоце Делчев“ бр.34; Радка Кузмановска од Струмица, ул.„Ристо Клепов“ бр.2; Сашко Бачовски од Струмица, ул.„Јанко Цветинов“ бр.55; Атанаско Вучковски од Добрејци бр.17; Љупчо Митев од Василево бр.1; Ристо Имљаков од Струмица, ул.„Маршал Тито“ бр.57; Андон Смиљанов од Струмица, ул.„Кирил и Методиј“ бр.54; Ратка Василева од Муртино бр.358; Жан Кечев од Струмица, ул.„Кирил Динков“ бр.10; Денис Божинов од Петралинци бр.34; Илија Насков од Робово бр.46; Ацо Василев од Муртино бр.358; Панделија Ангелов од Нова

Маала бр.53; Кирчо Танушев од Струмица, ул.„Димитар Влахов“ бр.108 и

- на КП бр.6531/8 КО Струмица – Гонца Кицев од Струмица, ул.„Братство Единство“ бр.40; Митко Кицев од Струмица, ул.„Братство Единство“ бр.40; Тина Јанева од Струмица, ул.„Стив Наумов“ бр.81; Невенка Станоевска од Струмица, ул.„Киро Абрашев“ бр.43; Заки Хасан од Струмица, ул.„8-ми март“ бр.43; Зоран Пешов од Злеово; Ванчо Танчев од Струмица, ул.„Ленинова“ бр.100; Викторија Јовановска од Струмица, ул.„Ката Поцкова“ бр.94; Венера Иљашева од Струмица, ул.„Цветан Димов“ бр.62В; Герас Ѓоргиев од Добрејци; Снежана Цонева од Струмица, ул.„Киро Абрашев“ бр.34; Љубица Цикарска Трајкова од Струмица, ул.„Браќа Миладинови“ бр.19; Ване Трајков од Струмица, ул.„Браќа Миладинови“ бр.19; Ванчо Георгиев од Нова Мааала бр.132; Васка Трајкова од Струмица, ул.„Благој Јанков- Мучето“ бр.50; ДПТУ ЕЛКОМ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, ул.„Младинска“ бр.24; Сузана Глигорова од Струмица, ул.„Браќа Миладинови“ бр.35; Љиља Манинска од Струмица, ул.„Јанко Цветинов“ бр.71; Сашо Механџиски од Струмица, ул.„Жртви на фашизмот“ бр.5; Златко Грковски од Берово, ул.„Питу Гули“ бр.14; Александар Христов од Сачево бр.62А; Стефан Алексовски од Добрејци бр.293; Стефанија Атанасова од Дедино; Павлинка Милчева од Моноспитово бр.264; Анца Флорина Митев од Струмица, ул.„Кирил Динков“ бр.10; Зоран Стојанов од Струмица, ул.„Максим Горки“ бр.42; Кирил Милошевски од Струмица, ул.„Тимо Тренчев“ бр.15; Деан Јанев од Добрашинци бр.8; Томе Мечев од Струмица, ул.„Јанко Цветинов“ бр.6; Ленче Мечева од Струмица, ул.„Јанко Цветинов“ бр.6; Мери Кузманова од Струмица, ул.„Јанко Цветинов“ бр.1; Татјана Караманолева од Струмица, бул.„Гоце Делчев“ бр.49; Иван Глигоров од Виница; ул.„Пиринска“ бр.6б; Зоран Арапов од Секирник бр.23; Оливер Христов од Василево бр.60; Ѕвонко Лазаров од Владиевци бр.23; Оливер Масинов од Струмица, ул.„Максим Горки“ бр.40; Атанас Џонев од с.Доброшинци бр.72; Васе Стојанов од Струмица, ул.„Максим Горки“ бр.42; Јорданчо Јованов од Седларци бр.11; Трајан Митев од Владиевци бр.105; Глигор Стојмировски од Струмица, ул.„Киро Абрашев“ бр.43; Горги Зимбаков од Босилово бр.256; Кирил Јовановски од Струмица, ул.„Ката Поцкова“ бр.94; Александар Шонтевски од Берово, ул.„Којова Ливада“ бр.46; Ѓорге Милев од Мокриево бр.232; Васе Донев од Добрашинци бр.46; Смиљка Стојчева од ЦХЕ; Иван Серафимов од Струмица, ул.„11ти Октомври“ бр.18; Тинка Стоименовска од Струмица, ул.„Киро Абрашев“ бр.65; Илија Толевски од Градско Балдовци бр.15; Виолетка Јованова од Калугерица; Атанас Костуранов од Струмица, ул.„Братство Единство“ бр.24 и Костадин Имљаков од Струмица, ул.„Маршал Тито бр.57“, поради што за сите нив како непосредни соседи известувањето се врши преку оваа Јавна објава со цел нивно запознавање бидејќи се работи за акт за кој се однесува на повеќе лица.

**СЕ ПОВИКУВААТ** горенаведените непосредни соседи на градежната парцела за која е издадено одобрението за градење да дојдат лично или преку свој полномошник и извршат увид во документацијата во службените простории на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште при Општина Струмица, ул.Ленинова бр.15, секој работен ден од 08:00 часот до 16:00 часот. Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето, одобрението за градење станува правосилно.

Оваа Јавна објава се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на РСМ, во текот на два последователни дена. Потоа, Органот ќе изврши и еднократна објава и во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Истовремено, се предупредуваат непосредните соседи дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава на писменото и негативните последици кои можат да настанат поради непостапување, ќе ги сносат самите.

УП1 бр.20-507 Општина Струмица
13.01.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.